**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**==================================**
**Број 05 - 135/1**
**27/02/2023 година**
**Пласница**

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Пласница
Алија Јаоски

Изготвил:
Жана Димоска
Раководител на одделение за финансиски прашања

*Пласница, февруари 2023*

Содржина:

1.Вовед ___________________________________________________________3

2.Годишна сметка / наративен дел _________________________________________4

3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност ___________________________________________________________14

4.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности ___________________________________17

5.Изјава од одговорниот сметководител_____________________________________20

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 4.222
Површина и населени места 54,44 км2

Општина Пласница во сегашните администратитвни граници е од 1996 година според новата теритиријална поделба на Република Македонија, со поделба на општина Македонски Брод, кога се формирани уште две нови општини: Самоков и општина Пласница.

Општина Пласница се наоѓа во средишниот дел на Западна Македонија и се протега на северните и североисточните падини на Бушева Планина и планината Сач. Општината се граничи на североисток со општина Македонски Брод, на југоисток со општината Крушево и селото Сопотница и на запад со општина Кичево.

Центар на општината е селото Пласница. Во состав на општината се четири населени места кои се сместени во горниот тек на реката Треска: Пласница, Преглово, Лисичани и Дворци.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Буџетот на Општина Пласница е изготвен согласно законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на општините,односно согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 05/02), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Законот за буџетите (Службен весник на РМ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ број 151/21), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2022 година од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Буџетот на Општина Пласница за 2022 година и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Пласница за 2022 година се донесени на седница на Совет на Општина Пласница оддржана на ден 24.12.2021 година.

Во текот на 2022 година донесени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Пласница за 2022 година.

Првата одлука донесена е на 6-та седница на Совет на Општина Пласница оддржана на ден 18.03.2022 година.На истата седница усвоена е и Измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Пласница за 2022 година.Измената и дополнувањето произлезе од потребата за проширувањето на основниот буџет по основ на обезбедени трансфери за што општината имаше обезбедено потврда за трансфер на средства на износ од 6.000.000 денари, односно Договор за доделување на средства за набавка на багер за чистење на речното корито на реката и за чистење на наноси од снег, број 03-112/5 од 11.03.2022 година со Министерство за животна средина просторно планирање, проширување на буџет на дотации по основ на прилив од депозити, односно од средствата од пренесениот вишок на приходи од претходна година, како и поради други усогласувања на приходниот со расходниот дел во основниот буџет.

Втората одлука донесена е на 11-та седница на Совет на Општина Пласница оддржана на ден 23.08.2022 година.И оваа Одлука за измена и дополнување произлезе од потребата за проширувањето на основниот буџет по основ на обезбедени трансфери на износ од 3.000.000 денари, односно Договор за доделување на средства за реализација на „Основен проект за фекална канализација во н.м. Пласница книга 1 – крак 12 (Стационажа 0+191,05-1+559,52)", број 03-153/4 од 25.05.2022 година со Министерство за животна средина просторно планирање, како и поради други усогласувања на приходниот со расходниот дел во основниот буџет.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на општината

Планирани извори на приходи од кои се финансираат расходите на Општина Пласница во Буџетот за 2022 година се од :

1. Даночни приходи

2. Неданочни приходи

3. Капитални приходи

4. Трансфери и донации

**На сметката Основен буџет**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **41.660.000** | **33.021.374** |
| **71** | **Даночни приходи** | **6.745.000** | **6.217.645** |
| | 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 170.000 | 169.404 |
| | 713 Даноци на имот | 2.725.000 | 2.373.509 |
| | 717 Даноци на специфични услуги | 3.850.000 | 3.674.732 |
| **72** | **Неданочни приходи** | **255.000** | **127.600** |
| | 722 Глоби, судски и административни такси | 100.000 | 74.300 |
| | 724 Други владини услуги | 45.000 | 0 |
| | 725 Други неданочни приходи | 110.000 | 53.300 |
| **73** | **Капитални приходи** | **2.610.000** | **1.498.947** |
| | 731 Продажба на капитални средства | 450.000 | 435.000 |
| | 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 2.160.000 | 1.063.947 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **32.050.000** | **25.177.182** |
| | 741 Трансфери од други нивоа на власт | 32.050.000 | 25.177.182 |

**Вкупно планираните приходи на сметката Основен буџет (41.660.000) се реализирани во износ од 33.021.374 или 79,26%.**

**71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 6.745.000 денари, реализирани се приходи во износ од 6.217.645 денари или 92,18%

**711 Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки**, од планираните 170.000 денари, реализирани се приходи во износ од 169.404 денари или 99,64%

**713 Данок на имот**, од планираните 2.725.000 денари, реализирани се приходи во износ од 2.373.509 денари или 87,10%

**717 Данок на специфични услуги**, од планираните 3.850.000 денари, реализирани се приходи во износ од 3.674.732 денари или 95,44 %

**72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**, од планираните 255.000 денари, реализирани се приходи во износ од 127.600 денари или 50,03%

**722 Глоби,судски и административни такси**, од планираните 100.000 денари, реализирани се приходи во износ од 74.300 денари или 74,30%

**724 Други владини услуги**, од планираните 45.000 денари, реализирани се приходи во износ 0 денари или 0%

**725 Други неданочни приходи**, од планираните 110.000 денари, реализирани се приходи во износ од 53.300 денари или 48,45%

**73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**, од планираните 2.610.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.498.947 денари или 57,43%

**731 Продажба на капитални средства**, од планираните 450.000 денари, реализирани се приходи во износ од 435.000 денари или 96,66%

**733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања**, од планираните 2.160.000 денари, реализирани се приходи во износ од 1.063.947 денари или 49,25%

**74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**, од планираните 32.050.000 денари, реализирани се приходи во износ од 25.177.182 денари или 78,55%

**741 Трансфери од други нивоа на власт**, од планираните 32.050.000 денари, реализирани се приходи во износ од 25.177.182 денари или 78,55%

**На сметката Самофинансирачки активности**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | 374.000 | **54.729** |
| **72 Неданочни приходи** | **374.000** | **54.729** |
| 723 Такси и надоместоци | 374.000 | 54.729 |

Приходите кои се планирани на сметката на Самофинансирачки активности се средства кои ги остваруваат и со кои располагаат основните општински училишта.

**Вкупно планираните приходи на сметката Самофинансирачки активности (374.000) се реализирани во износ од 54.729 денари или 14,63%.**

Остварувањето на приходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

**2.2.Расходи на општината**

Планираните расходи во Буџетот на општината за 2022 година не смеат да ги надминат планираните приходи и приливи за фискалната година, односно обезбедените средства од сопствените приходи и други приливи со кои се финансираат повисоките расходи (домашно задолжување и задолжување во странство). Со Буџетот на општината за 2022 година расходите се планираат по програми и потпрограми, односно корисници. Ова на соодветен начин ги прикажува расходите според функциите на општината. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Пласница опфатени се 17 програми.

**На сметката Основен буџет**
**планирани и реализирани се следните расходи**

| ОСНОВЕН БУЏЕТ | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **41.660.000** | **26.908.545** |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **9.079.000** | **8.592.408** |
| | 401 Основни плати | 5.523.000 | 5.372.169 |
| | 402 Придонес за социјално осигурување | 2.096.000 | 2.038.160 |
| | 404 Надоместоци | 1.460.000 | 1.182.079 |
| **41** | **Резерви и недефинирани расходи** | **60.000** | **0** |
| | 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 30.000 | 0 |
| | 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 30.000 | 0 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **5.825.000** | **3.254.027** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 23.000 | 10.930 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.830.000 | 1.979.401 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 173.000 | 72.094 |
| | 424 Поправки и тековно оддржување | 832.000 | 358.698 |
| | 425 Договорни услуги | 912.000 | 132.853 |
| | 426 Други тековни расходи | 1.055.000 | 700.051 |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **330.000** | **108.000** |
| | 464 Разни трансфери | 330.000 | 108.000 |
| **48** | **Капитални расходи** | **26.366.000** | **14.954.110** |
| | 480 Купување на опрема и машини | 6.356.000 | 6.256.014 |
| | 481 Градежни објекти | 1.150.000 | 321.330 |
| | 482 Други градежни објекти | 18.830.000 | 8.376.766 |
| | 485 Вложувања и нефинансиски средства | 30.000 | 0 |

**Вкупно планираните расходи на сметката Основен буџет (41.660.000) се реализирани во износ од 26.908.545 денари или 64,59%.**

***Вкупните тековни оперативни расходи на сметката Основен буџет (15.294.000) се реализирани во износ од11.954.435 денари или 78,16 %.***

**40 Плати и надоместоци**, од планираните 9.079.000 денари, реализирани се расходи во износ од 8.592.408 денари или 94,64%

401 Основни плати, од планираните 5.523.000 денари, реализирани се расходи во износ од 5.372.169 денари или 97,26%

402 Придонеси за социјално осигурување, од планираните 2.096.000 денари, реализирани се расходи во износ од 2.038.160 денари или 97,24%

404 Надоместоци, од планираните 1.460.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.182.079 денари или 80,96%

Расходите на категорија 40 Плати и надоместоци се однесуваат на плати, придонеси на плати за вработени како и други надоместоци за советници за одржани седници на Совет на Општина Пласница.

**41 Резерви и недефинирани расходи**, од планираните 60.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) , од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

413 Тековни резерви (разновидни расходи), од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**42 Стоки и услуги**, од планираните 5.825.000 денари, реализирани се расходи во износ од 3.254.027 денари или 55,86%

420 Патни и дневни расходи, од планираните 23.000 денари, реализирани се расходи во износ од 10.930 денари или 47,52%.

Ставката 420 се однесува на патувањата во земјата на вработените во општинската администрација.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 2.830.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.979.401 денари или 69,94%

Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината и уличното осветлување, течни горива за општината, пошта, телефон и телефакс за општината, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила.

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 173.000 денари, реализирани се расходи во износ од 72.094 денари или 41,67%

Ставката 423 Материјали и ситен инвентар ги опфаќа трошоците за канцелариски материјал, списанија, весници и други изданија, материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали.

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 832.000 денари, реализирани се расходи во износ од 358.698 денари или 43,11%

Ставката 424 Поправки и тековно одржување ги опфаќа поправките и сервисирањата на лесните возила, одржувањето на зградата, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на улици и патишта, поправка и одржување на уличното осветление, поправка и одржување на мебел, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема.

425 Договорни услуги, од планираните 912.000 денари, реализирани се расходи во износ од 132.853 денари или 14,56%

Ставката 425 Договорни услуги ги опфаќа осигурувањата на моторните возила, правни услуги, судски вештачења, плаќање на судски такси, ветеринарни услуги, изработката на просторни и урбанистички планови, надзор над одржување на изградбата на објекти и други договорни услуги.

426 Други тековни расходи, од планираните 1.055.000 денари, реализирани се расходи во износ од 700.051 денари или 66,35%

Ставка 426 Други тековни расходи ги опфаќа членарините во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други опративни расходи (плаќања за поднесување на завршни сметки до Централен регистар, плаќања кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови, изработка на геодетски елаборати, нотарски услуги, процена на подвижен имот – расходовани моторни возила за отпад, плаќања за токен за електронски потпис,услуги за увозно царинење, услуги за шлеп служба, обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во сопственост на РСМ, продолжување на регистација на домен за веб страна на општината и сл.).

**46 Субвенции и трансфери**, од планираните 330.000 денари, реализирани се расходи во износ од 108.000 денари или 32,72%

464 Разни трансфери, од планираните 330.000 денари, реализирани се расходи во износ од 108.000 денари или 32,72%

Ставката 464 Разни трансфери ги опфаќа плаќањата по судски решенија и трансфери по основ на решенија.

***Вкупните капитални расходи на сметката Основен буџет (26.366.000) се реализирани во износ од 14.954.110 денари или 56,71%.***

**48 Капитални расходи**, од планираните 26.366.000 денари, реализирани се расходи во износ од 14.954.110 денари или 56,71%

480 Купување на опрема и машини, од планираните 6.356.000 денари, реализирани се расходи во износ од 6.256.014 денари или 98,42%

Ставката 480 Купување на опрема и машини опфаќа купување на канцелариска опрема, кујнска опрема, купување на друга опрема и купување на други машини (багер).

481 Градежни објекти, од планираните 1.150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 321.330 денари или 27,94%

Ставката 481 Градежни објекти опфаќа реконструкција на деловни објекти (проект за енергетска ефикасност за замена на фасада на ООУ Јунус Емре Лисичани аплициран во Југозападен плански регион).

482 Други градежни објекти, од планираните 18.830.000 денари, реализирани се расходи во износ од 8.376.766 денари или 44,48%

Ставката 482 Други градежни објекти ги опфаќа трошоците за подготвување на проекти за улици и патишта, за капацитети за водоснабдување, за други објекти, изградба на улици и патишта, реконструкција на улици и патишта, изградба на пречистителни станици и колектори, реконструкција на капацитети за водоснабдување, изградба на други објекти и надзор над изградбата.

485 Вложувања и нефинансиски средства, од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**Вкупно планираните расходи на сметката Основен буџет (41.660.000) распределени по програми се реализирани во износ од 26.908.545 денари или 64,59%.**

**А0 – Совет на општина**

На програмата А0 – Совет на општина од планираните 1.385.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.075.665 денари или 77,67%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

401 Основни плати, од планираните 125.000 денари, реализирани се расходи во износ од 95.592 денари или 76,48%

404 Надоместоци, од планираните 1.100.000 денари, реализирани се расходи во износ од 860.524 денари или 78,23%

412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) , од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

426 Други тековни расходи, од планираните 130.000 денари, реализирани се расходи во износ од 119.549 денари или 91,96%

**Д0 – Градоначалник**

На програмата Д0 – Градоначалник од планираните 1.119.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.032.610 денари или 92,28%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

401 Основни плати, од планираните 738.000 денари, реализирани се расходи во износ од 723.249 денари или 98,01%

402 Придонеси за социјално осигурување, од планираните 301.000 денари, реализирани се расходи во износ од 280.446 денари или 93,18%

404 Надоместоци, од планираните 20.000 денари, реализирани се расходи во износ од 18.915 денари или 94,58%

413 Тековни резерви (разновидни расходи), од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

464 Разни трансфери, од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 10.000 денари или 33,34%

**Е0 – Општинска администрација**

На програмата Е0 – Општинска администрација од планираните 9.358.000 денари, реализирани се расходи во износ од 8.313.838 денари или 88,84%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

401 Основни плати, од планираните 4.660.000 денари, реализирани се расходи во износ од 4.553.328 денари или 97,71%

402 Придонеси за социјално осигурување, од планираните 1.795.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.757.714 денари или 97,92%

404 Надоместоци, од планираните 340.000 денари, реализирани се расходи во износ од 302.640 денари или 89,01%

420 Патни и дневни расходи, од планираните 23.000 денари, реализирани се расходи во износ од 10.930 денари или 47,52%.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 1.110.000 денари, реализирани се расходи во износ од 878.518 денари или 79,15%

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 170.000 денари, реализирани се расходи во износ од 72.094 денари или 42,41%

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 200.000 денари, реализирани се расходи во износ од 199.869 денари или 99,93%

425 Договорни услуги, од планираните 250.000 денари, реализирани се расходи во износ од 85.870 денари или 34,35%

426 Други тековни расходи, од планираните 510.000 денари, реализирани се расходи во износ од 354.875 денари или 69,58%

464 Разни трансфери, од планираните 300.000 денари, реализирани се расходи во износ од 98.000 денари или 32,67%

**ЕА – Капитални расходи на општината**

На програмата ЕА – Капитални расходи на општината од планираните 86.000 денари, реализирани се расходи во износ од 5.538 денари или 6,44%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

480 Купување на опрема и машини, од планираните 56.000 денари, реализирани се расходи во износ од 5.538 денари или 9,89%

485 Вложувања и нефинансиски средства, од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**Ф1 – Урбанистичко планирање**

На програмата Ф1 – Урбанистичко планирање од планираните 930.000 денари, реализирани се расходи во износ од 225.627 денари или 24,26%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

425 Договорни услуги, од планираните 530.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

426 Други тековни расходи, од планираните 400.000 денари, реализирани се расходи во износ од 225.627 денари или 56,41%

**ГД – Проекти за енергетска ефикасност**

На програмата ГД – Проекти за енергетска ефикасност од планираните 1.150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 321.330 денари или 27,94%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

481 Градежни објекти, од планираните 1.150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 321.330 денари или 27,94%

**Ј1 – Снабдување со вода**

На програмата Ј1 – Снабдување со вода од планираните 36.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 36.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**Ј2 – Одведување и пречистување на отпадни води**

На програмата Ј2 – Одведување и пречистување на отпадни води од планираните 56.000 денари, реализирани се расходи во износ од 3.865 денари или 6,90%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 20.000 денари, реализирани се расходи во износ од 3,865 денари или 19,32%

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 36.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**Ј3 – Јавно осветлување**

На програмата Ј3 – Јавно осветлување од планираните 1.800.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.157.837 денари или 64,32%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 1.700.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.097.018 денари или 64,53%

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 100.000 денари, реализирани се расходи во износ од 60.819 денари или 60,82%

**Ј4 – Јавна чистота**

На програмата Ј4 – Јавна чистота од планираните 150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 45.431 денари или 30,29%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 100.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

425 Договорни услуги, од планираните 50.000 денари, реализирани се расходи во износ од 45.431 денари или 90,86%

**Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот**

На програмата Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот од планираните 310.000 денари, реализирани се расходи во износ од 99.562 денари или 32,12%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 300.000 денари, реализирани се расходи во износ од 98.010 денари или 32,67%

425 Договорни услуги, од планираните 10.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.552 денари или 15,52%

**Ј8 – Други комунални услуги**

На програмата Ј8 – Други комунални услуги од планираните 120.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 60.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

425 Договорни услуги, од планираните 60.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

На програмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици од планираните 14.170.000 денари, реализирани се расходи во износ од 7.898.203 денари или 55,74%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

480 Купување на опрема и машини, од планираните 6.150.000 денари, реализирани се расходи во износ од 6.149.100 денари или 99,99%

482 Други градежни објекти, од планираните 8.020.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.749.103 денари или 21,81%

**ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување**

На програмата ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување од планираните 560.000 денари, реализирани се расходи во износ од 429.312 денари или 76,66%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

482 Други градежни објекти, од планираните 560.000 денари, реализирани се расходи во износ од 429.312 денари или 76,66%

**ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

На програмата ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води од планираните 10.250.000 денари, реализирани се расходи во износ од 6.198.351 денари или 60,47%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

482 Други градежни објекти, од планираните 10.250.000 денари, реализирани се расходи во износ од 6.198.351 денари или 60,47%

**Х1 – Родова еднаквост**

На програмата Х1 – Родова еднаквост од планираните 30.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%.

Реализацијата на расходи на ниво на ставки е следната:

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 3.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

425 Договорни услуги, од планираните 12.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

426 Други тековни расходи, од планираните 15.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

**На сметката Самофинансирачки активности планирани и реализирани се следните расходи**

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **374.000** | **20.214** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **374.000** | **20.214** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 15.000 | 0 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 20.000 | 0 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 51.000 | 3.090 |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 49.000 | 0 |
| | 425 Договорни услуги | 144.000 | 10.100 |
| | 426 Други тековни расходи | 95.000 | 7.024 |

**Вкупно планираните расходи на Сметката самофинансирачки активности (374.000) се реализирани во износ од 20.214 денари или 5,40% и истите се распределени во програма:**

**Н1 – Основно образование**

Реализацијата на расходите на ниво на ставки е следната:

420 Патни и дневни расходи, од планираните 15.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 20.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 51.000 денари, реализирани се расходи во износ од 3.090 денари или 6,05%

424 Поправки и тековно оддржување, од планираните 49.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

425 Договорни услуги, од планираните 144.000 денари, реализирани се расходи во износ од 10.100 денари или 7,01%

426 Други тековни расходи, од планираните 95.000 денари, реализирани се расходи во износ од 7.024 денари или 7,39%

Реализацијата на расходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**3.Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност**

Составен дел на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи е и Биланс на состојба.Податоците кои се прикажани во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За утврдување на реалната состојба на Билансот на состојбата формирана е пописна комисија со решение од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општина Пласница.Комисија за попис е во состав:

1.Едисен Зеќироски – претседател
2.Суат Бејзароски – член
3.Санела Амитоска – член

Состојбата на средствата, побарувањата, обврските, изворите на средствата и нивната вредност на ден 31.12.2022 година е следната:

**АКТИВА: 169.019.594 денари**

**А.ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА 168.016.746 денари**

**I.Материјални добра и природни богатства 1.243.838 денари**

Материјалните добра и природните богатства во Општина Пласница се на износ од 1.243.838 денари, а се однесуваат на земјиште во сопственост на Општина Пласница.На овие средства не се пресметува амортизација.

**II.Материјални средства 165.750.900 денари**
**1.Градежни објекти 154.716.614 денари**
**2.Опрема 11.034.286 денари**

Материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Прилог – Годишни стапки за отпис на долгорочните срества за буџетите и буџетските корисници се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

**III.Материјални средства во подготовка 1.022.008 денари**

Материјалните средства во подготовка се проценети на износ од 1.022.008 денари и се однесуваат на опрема за симултан превод и кабина, доделени на Општина Пласница по Договор за донација од страна на ЗЕЛС кои сеуште не се монтирани и не се ставени во употреба..Овие средства се евидентираат по набавна вредност и на истите не се пресметува амортизација до моментот на нивно ставање во употреба.

**Б.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА 1.002.848 денари**
**1.Други активни временски разграничувања 1.002.848 денари**

Активните временски разграничувања се книговодствено пресметковна категорија и се однесуваат на неизмирените обврски за плати и надоместоци на плати кон вработени за месец декември 2022 година, обврски спрема добавувачи по неисплатени фактури/времени ситуации и обрски за надоместоци и данок на личен доход за советници за седници одржани во месец декември 2022 година.

**ПАСИВА: 169.019.594 денари**

**I.ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА 168.016.746 денари**
**1.Државен јавен капитал 168.016.746 денари**

Капиталот/изворите на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и тоа сегашната вредноста на материјалните добра, градежните објекти, опремата и материјалните средства во подготовка, сопственост на Општина Пласница.
Капиталот/Изворите на средства за 2022 година се проценети според сегашната-номинална вредност во вкупен износ од 168.016.746 денари и се состојат од:
1.Државен-Јавен капитал по сегашна вредност во износ од 168.016.746 денари и тоа:
- Материјални добра и природни богатства во износ од 1.243.838 денари
- Материјални средства во износ од 165.750.900 денари кои се состојат од Градежни објекти во номинален износ од 154.716.614 денари, Опрема во износ од 11.034.286 денари и Материјални средства во подготовка во износ од 1.022.008 денари.

**II.ТЕКОВНИ ОБВРСКИ 1.002.848 денари**

**а)Краткорочни обврски спрема добавувавачите 246.315 денари**
**1.Обврски спрема добавувачите во земјата 246.315 денари**

**б)Краткорочни финансиски обврски 95.342 денари**
**1.Други краткорочни финансиски обврски 95.342 денари**

**в)Обврски спрема државата и други институции 10.591 денари**
**1.Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско право 10.591 денари**

**г)Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените 650.600 денари**

Позицијата тековни обврски е проценета во износ од 1.002.848 денари во 2022 година и се однесуваат на следните обврски:

- обврски спрема добавувачи по неисплатени фактури/времени ситуации во износ од 246.315 денари,
- обрски за надоместоци за советници за седници одржани во месец декември 2022 година во износ од 95.342 денари,
- обрски за данок на личен доход за советници за седници одржани во месец декември 2022 година во износ од 10.591 денари и
- обврски за плати и надоместоци на плати на вработени за месец декември 2022 година во износ од 650.600 денари.

**Вонбилансна Актива и Пасива 24.065.352 денари**
Вонбилансната евиденција на Активата и Пасивата се состои од вредноста на повеќенаменско малско игралиште во износ од 7.884.797 денари, реконструкција на водоводна мрежа во н.м.Преглово 3 фаза во износ од 8.545.396 денари, изградба на потпорен ѕид за Долна Пласница на КП328,329/1,2609,2593 Ко Пласница во износ од 1.763.517 денари и изградба на пречистителна станица за отпадни води ПСОВ-СБР 1500 за фекална канализација во н.м.Пласница во износ од 5.871.642 денари.

**Краткорочни финансиски побарувања**
Краткорочните финансиски побарувања произлегуваат од ненаплатените побарувања од правни и физички лица во вкупен износ од 8.078.411 денари и ги опфаќаат следните ставки:
- Побарувања по основ на данок на имот од физички лица во износ од 3.617.385 денари;
- Побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма во износ од 4.011.870 денари;
- Други побарувања по основ на примена закупнина на општински имот кон ЈП Комуналец – Пласница во износ од 449.156 денари.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните дотации и дотациите за делегирани надлежности**

***Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи со ставките 480 Резерви за капитални расходи, 481 Градежни објекти, 482 Други градежни објекти и 485 Други нефинансиски средства.***

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** е реализирана во износ од 6.256.014 денари.Истата опфаќа купување на друга опрема (средства за партиципација во реализација на проект - Набавка на садови за собирање и складирање на отпад во Општина Пласница по склучен Договор со Центар за развој на Југозападен плански регион број 03-687/2 од 27.12.2021 година) и купување на други машини (набавка на багер за чистење на речното корито на реката и за чистење на наноси од снег во Општина Пласница по склучен Договор за доделување на средства број 03-112/5 од 11.03.2022 година со Министерство за животна средина просторно планирање).

**Ставката 481 Градежни објекти** е реализирана во износ од 321.330 денари и опфаќа реконструкција на деловни објекти (средства за партиципација во реализација на проект за енергетска ефикасност за замена на фасада на ООУ Јунус Емре Лисичани по склучен Договор со Центар за развој на Југозападен плански регион број 03-275/3 од 17.11.2022 година).

**Ставката 482 Други градежни објекти** е реализирана во износ од 8.376.766 денари и истата опфаќа: подготвување проекти за улици и патишта, изградба на улици и патишта, реконструкција на улици и патишта, изградба на пречистителни станици, подготвување проекти на капацитети за водоснабдување, реконструкција на капацитети за водоснабдување, подготвување проекти на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, изградба на други објекти, надзор над изградбата.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици, патишта и автопати** реализирани се средства во износ од 475.991 денари.
Изработени се Проект за изградба и реконструкција на улици и краци од ПР19; реконструкција на улица во КП 309, 310 и улица во КП 1776 – кај гробишта, Проект за реконструкција на улица во КП 1453 во н.м.Дворци, Проект за изградба на улица ПР10 во н.м.Преглово, Проект за изградба на улици и краци во н.м.Лисичани – пристапна улица дел од ПР14, пристапна улица ПР27 до јавна површина Б4 и сервисна улица СР3 кон земјоделско земјиште, Проект за изградба на дел од ПР32, ПР33 и ПР35; изградба и реконструкција на дел од ПР7 и ПР12 со краци во н.м.Пласница, Проект за реконструкција на улици и краци во н.м.Лисичани, улица во КП2279/3, КП1649, КП1654, КП1653, КП1447 – крак од СТ2, КП1579 – крак од ПР13, КП1865 – крак од СТ3, Проект за реконструкција на улици и краци во н.м. Пласница, улица во КП3381,3382,3383,3587,3585 – крак од ПР7, улица во КП687,2526,670 викано место Рамништа, улица во КП3397 – крак од ПР1, улица во КП3405 – крак помеѓу ПР1 и ПР8, улица во КП3214 – крак од ПР10, улица во КП3656, КП2935 – покрај СР1.

**За изградба на улици, патишта и автопати** реализирани се средства во износ од 646.880 денари.
Средствата се однесуваат за изградба и реконструкција на следните улици: Улица 1 и нејзин крак и улица 2 во н.м.Преглово и Изградба на пристапни улици дел од ПР24 и дел од ПР25 во н.м.Пласница

**За санација и реконструкција на стари улици и крпење на ударни дупки** реализирани се средства во износ од 389.344 денари.

**За изградба на пречистетилни станици и колектори** реализирани се средства во износ од 5.871.642 денари, за изградба на пречистителна станица за отпадни води ПСОВ-СБР 1500 – за фекална канализација во н.м.Пласница

**За реконструкција на капацитети за водоснабдување** реализирани се средства во износ од 429.312 денари, по Анекс договор со Национални шуми за надомест на штети за дрвната маса која е исечена при изградба на доводен цевковод од каптажа до резервоар на село Преглово.

**За подготвување на проекти, вклучувајќи дизајн на други објекти** реализирани се средства во износ од 312.617 денари. Изработени се Проект за фекална канализација во н.м.Пласница – издвоен крак 12 од фаза 1 и Проект за атмосферска канализација за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на станбена улица СТ2 во н.м.Пласница.

**За изградба на други објекти** реализирани се средства во износ од 200.000 денари, за доплата на изградба на потпорен ѕид за Долна Пласница на КП328, 329/1, 2609 и 2593 КО Пласница.

**За надзор над изградбата** реализирани се средства во износ од 50.980 денари.

**На сметката Буџет на дотации**
**планирани и реализирани се следните приходи**

| | БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3.509.400** | **3.346.368** |
| **72** | **Неданочни приходи** | **0** | **4.000** |
| | 725 Други неданочни приходи | 0 | 4.000 |
| **74** | **Трансфери и донации** | **3.509.400** | **3.342.368** |
| | 741 Трансфери од други нивоа на власт | 3.509.400 | 3.342.368 |

Приходите кои се планирани на сметката Буџет на дотации се средства кои ги остваруваат и со кои располагаат основните општински училишта по основ на наменска дотација за активности од образованието од Буџетот на РСМ преку Министерство за образование за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Вкупно планираните приходи на сметката Буџет на дотации (3.509.400) се реализирани во износ од 3.346.368 денари или 95,35%.**

Исто и кај оваа сметка остварувањето на приходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

**На сметката Буџет на дотации**
**планирани и реализирани се следните расходи**

| | БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **3.509.400** | **3.346.368** |
| **42** | **Стоки и услуги** | **3.465.001** | **3.305.368** |
| | 420 Патни и дневни расходи | 40.000 | 37.200 |
| | 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.949.000 | 1.897.131 |
| | 423 Материјали и ситен инвентар | 288.000 | 260.602 |
| | 424 Поправки и тековно одржување | 191.000 | 127.160 |
| | 425 Договорни услуги | 859.000 | 847.511 |
| | 426 Други тековни расходи | 138.001 | 135.764 |
| **48** | **Капитални расходи** | **44.399** | **41.000** |
| | 483 Купување на мебел | 41.399 | 41.000 |
| | 485 Вложувања и нефинансиски средства | 3.000 | 0 |

**Вкупно планираните расходи на сметката Буџет на дотации (3.509.400) се реализирани во износ од 3.346.368 денари или 95,35% и истите се распределени во програма:**

**Н1 – Основно образование**

Реализацијата на расходите на ниво на ставки е следната:

420 Патни и дневни расходи, од планираните 40.000 денари, реализирани се расходи во износ од 37.200 денари или 93%.

421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од планираните 1.949.000 денари, реализирани се расходи во износ од 1.897.131 денари или 97,33%

423 Материјали и ситен инвентар, од планираните 288.000 денари, реализирани се расходи во износ од 260.602 денари или 90,48%

424 Поправки и тековно одржување, од планираните 191.000 денари, реализирани се расходи во износ од 127.160 денари или 66,57%

425 Договорни услуги, од планираните 859.000 денари, реализирани се расходи во износ од 847.511 денари или 98,66%

426 Други тековни расходи, од планираните 138.001 денари, реализирани се расходи во износ од 135.764 денари или 98,37%

483 Купување на мебел од планираните 41.399 денари, реализирани се расходи во износ од 41.000 денари или 92,34%

485 Вложувања и нефинансиски средства од планираните 3.000 денари, реализирани се расходи во износ од 0 денари или 0%

Реализацијата на расходите поодделно кај основните општински училишта, Советот на Општина Пласница ќе може да го констатира преку разгледување на завршните сметки на основните општински училишта.

**5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка**

Општина Пласница спроведе целосна, навремена, ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани во 2022 година.

Сметководствената евиденција во општина Пласница се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно за сите видови приходи и други видови приливи и за расходите и другите одливи.
Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на Буџетот во 2022 година се спроведени според начелото на парично искажување.

Податоците во Годишната сметка на општина Пласница го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.Врз основа на веродостојна и целосна книговодствена документација се врши евидентирање на промените во сметководствениот систем.

Сите финансиски извештаи за 2022 година се целосни, точни и навремено доставени до надлежните институции во согласност со законските прописи.

Раководител на одделение за
финансиски прашања
Жана Димоска
____________________________